**Здружение ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА ПРИЛЕП**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ И ЗНАЕЊАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО 2025 ГОДИНА

**Декември 2024**

# Вовед

Врз основа на Статутот на здружението Центар за развој и едукација Прилеп, обврска на здружението е преку своите основни мисии на делување да работи на остварување на организациските цели и визијата, а истовремено да обезбедува организациски раст и професионален развој.

Пратејќи ги своите цели, иствовремено придржувајќи се до нормативната рамка за воспоставување на услугата Помош и нега во домот за стари и немоќни лица, Здружението Центар за развој и едукација Прилеп се труди во целост да ја исполни својата мисија и да ги исполни своите организациски цели.

Вложувањето во човечкиот капитал е од есенцијално значење за исполнување на целите што ги има Здружението Центар за развој и едукација како давател на социјални услуги, но и како организација која е фокусирана на граѓански активизам и предводување на локални иницијативи и реализација на проекти за добробит на заедницата.

Во таа насока, Здружението Центар за развој и едукација Прилеп во 2025 година ќе се насочи кон надградување на капацитетите на своите вработени  кои потоа преку примена на научените вештини ќе придонесат за остварување на подобри резултати во работењето на здружението.

Во фокусот на организацијата е континуирано подобрување на знаењата и јакнење на човечките ресурси преку опремување на вработените со вештини потребни за извршување на работата, а воедно и вештини кои ќе придонесат за поширок развој на делокругот на делување на здружението.

За да се овозможи професионален развој и да се поддржи личниот потенцијал за напредок и развој на секој од вработените, здружението работи на планирање, дизајнирање и организирање на едукација која ќе им овозможи на вработените да напредуваат во извршување на своите секојдневни активности со што ќе бидат мотивирани за совладување на секојдневните работни задачи и постигнување на поставените работни цели.

Добро планираната и спроведена едукација ќе обезбеди освен развој на компетенциите на вработените, и професионален развој на самата организација.

# Годишен план за унапредување на вештините и знаењата на вработените во 2025 година

Овој Годишен План за унапредување на вештините и знаењата на вработените во 2024 година дава планирана рамка за реализација на активности за професионален развој на вработените во Здружението Центар за развој и едукација Прилеп со што преку едукативниот процес на вработените ќе се придонесе кој успешна реализација на Годишната програма за работа на здружението.

Во склоп со регулативата, Годишната Програма за работа на здружението, следејќи ги современите трендови за професионален развој кај давателите на социјални услуги и граѓанските организации, и земајќи ги во предвид предлозите на вработените за усовршување во области кои се неопходни за извршување на нивната работа и работни задачи, Здружението Центар за развој и едукација Прилеп подготви листа на теми/области за усовршување и временски период за спроведување на едукација на идентификуваните теми/области во текот на 2025 година.

| Реден број | Тема/област на едукација | Организатор | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Обука за следливост на испораката на услугата Помош и нега во домот | Домашни организации | Јануари - Март |
| 2. | Студиско патување во Република Австрија | Организација од Австрија | Јануари-Февруари |
| 3. | Работилници за воспоставување и развој на нови услуги | Домашни организации, странски организации | Јануари - март |
| 4. | Работилници за воспоставување на дигитални социјални услуги | Домашни организации | Февруари-Април |
| 5. | Размена на искуства од испорака на услуга Помош и нега во домот со даватели на услуга од Република Србија | Центар за развој и едукација Прилеп | Март-Мај |
| 6. | Обука за заштита на лични податоци | Домашни организации | Јуни-јули |
| 7. | Социјално менторство | Домашни организации | Септември-Ноември |

**Форми на учење за стекнување на нови знаења и вештини**

Процесот на едукација и усовршување на вработените во Здружението Центар за развој и едукација Прилеп во планираните теми и области во 2025 година ќе се реализира преку следните форми на учење и стекнување на знаења и вештини: семинари, работилници, студиски посети во Република Австрија и Кипар, обуки на самото работно место, учење на далечина, конференции и слично.

**Ангажирање на стручни лица/ субјекти за спроведување на обука**
За реализирање на процесот за унапредување на вештините и знаењата на вработените во 2025 година, Здружението ќе ангажира лица и субјекти (обучувачи, домашни и странски организации, здруженија на граѓани и др).

**Водење евиденција за реализираните активности**
Здружението Центар за развој и едукација ќе ја следи реализацијата на Годишната програма за унапредување на вештините и знаењата на вработените во 2025 година, при што ќе врши евиденција на вработените кои ќе учествуваат во активности за едукација, евиденција на реализирани едукативни настани и темите на истите, и сл.

**Создавање на позитивна работна средина**
Здружението Центар за развој и едукација континуирано ќе делува за создавање на позитивна работна средина за вработените -координаторите на социјална услуга, проектниот тим, а истотака и за негувателите кои се вклучени во испорака на услугата Помош и нега во домот.

Во 2025 година ќе се реализираат неколку настани за развивање на тимскиот дух кај вработените со цел заедничко делување за успешен раст и развој на организацијата во целина.

**Финансирање на процесот за унапредување на вештините и знаењата на вработените за 2025 година**

Реализацијата на планираниот процес за унапредување на вештините и знаењата на вработените во 2025 година ќе се оствари во рамките на достапните финансиски средства на Здружението.

Прилеп, 20.12.2024 година

Здружение Центар за развој и едукација Прилеп
Марина Тошеска - Претседател